ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-5380/2
09.12.2025 година
Велес

Врз основа на член 3, став 1, алинеја 6, член 6 став 1, точка 2 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.Весник на Република Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5380/1 од 18.11.2025 година, поднесено од [redacted] мателот на информации Општина Велес на ден 09.12.2025 година спроведе

## ТЕСТ НА ШТЕТНОСТ

по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

При постапувањето во врска со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5380/1 од 18.11.2025 година, поднесено од [redacted], врз основа на член 3, став 1, алинеја 6 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, овластените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, го спроведуваат овој тест на штетност како задолжителна постапка која ја спроведува имателот на информацијата, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имено, барателот поднесе од [redacted] до имателот на информации Општина Велес достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-5380/1 од 18.11.2025 година, преку електронска порака, со кое од имателот ја побара следната информација:

-дали е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти кои евидентираат на КП 17616 КО Велес.

Начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е во форма на електронски запис преку електронска пошта.

Овластените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, откако го разгледаа барањето утврдија дека истото не претставува барање за информација од јавен карактер, туку барање од личен интерес, по кое Општина Велес постапува согласно своите надлежности, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, Законот за општа управна постапка, Законот за адвокатура, Законот за парнична постапка и други закони, врз основа на што имателот на информации со решение барањето за информации од јавен карактер може да го одбие.

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

Тестот за штетност е задолжителна постапка со која имателот на информацијата ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информациите.

Согласно погоре наведеното, барателот своите права и приватни (лични) интереси може и треба да ги остварува пред се согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои тој се јавува како странка и правната заштита може да ја бара согласно тие закони како Законот за општа управна постапка, Законот за адвокатурата, Законот за парничната постапка и други.

Законската дефиниција на "јавниот интерес" значи дека остварувањето на јавниот интерес подразбира остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците, па токму поради тоа пристапот до информациите е бесплатен.

Согласно горенаведеното, овластените лица за посредување со информации од јавен карактер му предлагаат на имателот на информации Општина Велес да донесе Решение за одбивање на барањето поднесено од баратело[redacted].

Службени лица за посредување
со информации од јавен карактер при Општина Велес
Марија Цилакова
Фросина Мацарова
Даниела Саздова



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-5380/3
09.12.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 и став 2 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5380/1 од 18.11.2025 година, поднесено од [redacted] врз основа на спроведен тест за штетност бр.26-5380/2 од 09.12.2025 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-5380/1 од 18.11.2025 година, поднесено о[redacted] со кое од Општина Велес се бараат информациии од јавен карактер и тоа:

-дали е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти кои евидентираат на КП 17616 КО Велес, и истите да му се достават на барателот по е-маил, **СЕ ОДБИВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), врз основа на спроведен тест за штетност бр.26-5380/2 од 09.12.2025 година, констатираа дека бараната информација не е информација од јавен карактер која може да се добие врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен каракатер, туку барање од личен интерес, по кое Општина Велес постапува согласно своите надлежности согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, Законот за општа управна постапка, Законот за адвокатура, Законот за парнична постапка и други закони, врз основа на што имателот на информации со решение барањето за информации од јавен карактер може да го одбие.

Тестот за штетност е задолжителна постапка со која имателот на информацијата ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информациите.

Имателот на информации Општина Велес му укажува на барателот дека Законот за слободен пристап нема за цел преку поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер, барателите на информации да добиваат, информации за индивидуални права и приватни интереси на физички и правни лица кои не претставуваат информации од јавен интерес, со што би остварувале лични, приватни или индивидуални права и цели или како странки да обезбедуваат докази за водење на судски постапки, дополнително да бараат и предлагаат преземање на управни дејствија и донесување на потврди, извештаи и/или други акти, за кои се во тек, или врз основа на бараните податоци ќе бидат поведени постапки пред надлежните судови, каде што барателот за пристап до информации од јавен карактер е една од странките во спорот и истиот своето право го остварува согласно одредбите од други материјални закони, како Законот за адвокатура, Законот за парничната постапка и други материјални закони.

Законската дефиниција на "јавниот интерес" значи дека остварувањето на јавниот интерес подразбира остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците.

Токму заради горенаведеното, пристапот до информациите од јавен карактер е бесплатен.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 20 став 1 и став 2 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова

Даниела Саздова

Фросина Маџарова



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*